РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-192/1
13-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1524/1 од 14.05.2025 година, поднесена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со бр. 12-1524/1 од 14.05.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител на ден 14.05.2025 година е поднесена пријава, во која наведува дека му биле изнудувани пари и трпел закани од страна на вработени во МВР, ОЈО, судии и судски службеници. Дополнително, подносителот навел и дека поранешниот Претседател на Основен ---- суд ---- организирал да не се постапувало по неговите предмети, да не му се доставуваат покани итн.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Во однос на наводот од пријавата кој се однесува на незаконското постапување од страна на поранешниот Претседател на Основен ---- суд ----, лицето ----, ДКСК констатира дека веќе има постапено и одлучено по пријава со исти/слични наводи, во предмет со бр. 12----- /2 од ----.2021 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk